КАКО СОЗНАВАМ И РАЗМИСЛУВАМ
ВО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

СПИСАНИЕ ЗА ДЕЦА
БР. 6 / 2013

И ЈАС ЗНАМ!

ЗДРАВО НАШИ ДРУГАРЧИЊА!

Пролетта забрзано ни доаѓа како весела игра со славејчето, сончевите зраци, ветерот, дождовните облаци. Пролетта ги повикува и децата во природата да играат и да се дружат. Но времето брзо минува, задачите во училиштето доаѓаат една по друга . А вие знаете и да учите редовно и да се дружите со природата.

Веруваме во вашиот успех.

Од редакцијата на списанието

БИСЕРА И БОЈАН НЕ МОЖАТ ДА СТИГНАТ ДО БУКЕТОТ КОЈ ГО ПОДГОТВИЈА ЗА СВОЈАТА НАСТАВНИЧКА. ЌЕ ИМ ПОМОГНЕШ ЛИ?



ОЧИТЕ НА МАЈКА МИ

СТАРА ЈАПОНСКА УСПИВНА ПЕСНА

На езера две од бајка,
личат очите на мојата мајка.

Наоколу стебла вити,
а среде водата мирна, сјајна,
како два острови
што ја чуваат својата тајна.

Зошто не можам барем еднаш само,
да испловам со моето кајче таму?

Каква птица со шарени перја
пее таму, сред езеро шир?
Дали рибици златни тонат
на дното на водата в мир?

На езера две од бајка,
личат очите на мојата мајка.

ХРАБРА МАЈКА

ЧЕШКА НАРОДНА ПРИКАЗНА

На една железничка станица многу луѓе го чекаа возот што токму тогаш пристигнуваше. Ненадејно од народот истрча едно девојче и наеднаш се најде на шините, на неколку метри пред забревтаната локомотива.

Луѓето се вџашија.

Наеднаш се стрча една жена. За миг и таа се најде на шините покрај девојчето. Го грабна детето и пред да можат луѓето да викнат од страв, таа го тргна од шините токму во моментот на најголемата опасност.

Луѓето беа восхитени и вчудоневидени од храброста на оваа жена.

- Сигурно е мајка му на девојчето - велеа тие.

Не, таа не беше мајка на девојчето спасено од сигурна смрт. Таа беше друга жена, **но беше и мајка.**

РАЗГОВАРАЈТЕ СО ДРУГАРЧИЊАТА И НАСТАВНИКОТ ЗА ПРИКАЗНА.

НАЈСРЕЌНАТА МАЈКА

според МАРИЈА ГЕГОВСКА

На автобуската станица чека многу луѓе. Меѓу нив се забележуваше една млада жена, која постојано погледнуваше на часовникот. Гледаше и низ улицата во правецот од каде што требаше да дојде автобусот.

- Го нема автобусот. Ќе задоцнам. Децата ме чекаат - гласно размислуваше младата жена.

Но, најпосле автобусот пристигна и ги собра сите патници од станицата. На седиштето до младата жена седна една постара жена, со веќе побелена коса.

-Сега веќе се успокоивте - рече постарата жена.- Ќе стигнете кај своите деца.

-Да, ќе стигнам - одговори младата жена.

- А колку деца имате? - праша постарата.

- Триесет и четири!

Постарата жена ги рашири очите, направи чуден израз на лицето.

- Не е убаво да се шегувате со мене - рече. - Како е можно да имате триесет и четири деца?

- Не се шегувам - рече младата жена. - Точно триесет и четири, а со тие две што ги имам дома - триесет и шест.

- Вие сте учителка?

- Да, - рече учителката. - Секое утро ме чекаат нивните насмеани очиња, секое утро се радувам на нивните насмевки. А денес е Осми март. Денес тие на посебен начин ме очекуваат за да ми го честитаат Денот на жените...

- Сигурно ви купиле и некој подарок? - рече постарата жена.

- Ниеден подарок не може да биде поскап од оној што го добивам од моите ученици - рече учителката. - Со најубави бои моите деца ќе нацртаат ќеститка, а потоа сите се потпишуваат на неа. На тој прекрасен список ќе сретнете неколку Горани, Дарковци, Соњи, Сашковци, Марии, Ани... Па, кажете, зар еден таков подарок не е најскапоценото нешто за една учителка? Во мојот албум има многу такви честитки. Топли честитки од моите деца!



РАЗГОВАРАЈТЕ СО ДРУГАРЧИЊАТА ЗА ОСМИ МАРТ.

* КАКО ГО ЗАМИСЛУВАТЕ ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ОВОЈ ПРАЗНИК СО ВАШАТА НАСТАВНИЧКА?

ГАЛЕБОВОТО КРИЛО

според Борис БОЈАЏИСКИ

Едно излегување од вратата, очите на Тинка и засенија од раното сонце што се капеше во бистрите езерски води
Застана на врвицата. Стариот мачор демнеше во рибарските мрежи. Го тегнеше вратот наугоре, се поткреваше и подмолно замавнуваше со отворената шепа, но таа остануваше празна. Потоа незадоволно и налутено мјаукаше.

Тинка се зачуди и го проследи неговиот угоре устремен поглед. Високо во мрежата немоќно се плеткаше еден мал галеб. Девојчето трепетно стрча, се пресегна и внимателно го одметка. Нежно го зеде. Уплашен галебот го собра главчето. Трепереше. Едното крило му висеше.

-О, галепче мило - тивко му рече и го скри во пазувите.

Потоа забрзано отиде дома. Од еден попразен кош ги истури кочанките пченка, грижливо намести шумки и ги кладе галебот.

-Овде ќе ти биде твојата куќичка! - го покри со едно кошаре и згора ја кладе најголемата тиква што беше на прозорецот.

Слезе долу и по малку се врати со полни раце завои, некаква маст, две штичиња и ножички.Го зеде в скут и седна. За прв пат во рацете држеше галеб. Го изглеада во убавото црвено клунче, вонатаженит и уште поцрвени, сега можеби од болката, очиња, го погали по меките како сребро перја, се до црвените тенки ножиња.Полека му го намести крилото, го намачка со маста,го кладе меѓу двете штичиња и го преви со завојот. Убавецот неколку пати исцимоли, но остана мирен и не се бранеше.

Го остави на меката пченковина. Му донесе трошки леб и во едно ваганче вода. Но , галебот не вкуси ништо. Беше замислен, тажен и неподвижен. Со собрано клунче во перјатаодвреме на време потреперуваше.

Секој ден, веднаш по часовите, Тинка одеше кај галебот. Тој свикна на неа. Штом ќе ја чуеше распеана да се качува по скалите, го свртуваше главчето кон прозирката од кошот и ја чекаше. Најмногу се радуваше кога во нејзините раце ќе видеше рипчиња. Му ги даваше таа едно по едно н дланката и нежно му говореше:

-Кога ќе ти оздрави крилцето, ти самиот ќе си ловиш... Сега сигурно мајка ти и татко ти те бараат.. И многу се загрижено што толку време те нема во нивното јато... Твоите пак, сестриќки и братчиња те чекаат да си играте... Не гледај ме така тажно... И ти скоро ќе можеш да леташ колку што сакаш.

Талебот како да ја разбираше што му говори, гракаше милозвучно.

Еден ден, тој се исправи на ножињата, погледна кон неа и ги ширна крилјата да полета. Преврзаното крило уште не можеше да го рашири.

- Ах, ти веќе се обидуваш!? - воскликна воодушевено Тинка. - О, не уште,

птиче мое!

Го зеде и го погали. Галебот игриво го вреше главчетокако да го одмеруваше просторот наоколу.

- Арно, ајде обиди се малку!

Го кладе на кошот, се оддалечи и насмеано го викна:

- Галапче, галапче, ајде! Фрррр!... Фрррррр!...

Птицата се напрегна и готова да вивне, падна. Вознемирена, Тинка се наведна и ко крена.

- Ах, малото раненичe! Се удри! - го погли и го стави во кошот. - Стрпи се уште некој ден!

Последуваа уште неколку обиди додека галебот не почна да полетува. Секој ден растојанието од кошот до рипчето во раката на Тинка стануваше се поголемо.

Еден ден достигна до чардакот, до прозорците. Тие беа ширум отворени. Премрена од страв, таа го следеше неговиот лет и трепереше дали ќе излета надвор. По неколку кружења, тој и слета на рамото. Тинка, пресрекна, го зеде, и почна да го гали и да му шепоти топло и мило.

Голема радост ја исполнуваше и бараше излев. По часовите, ги собра другарките околу кошот и го откри.

Нејзините другарки љубопитно очекуваа.

- Галапче, галапче! - со нежен глас го повика Тинка.

Галабот излета од кошот, направи неколку кружни лета околу чардакот и лесно слета на раката од својата пријателка. Очите на девојчињата им светеа од восхит. Тинка, возбудена, ја одврза од долгата плетенка на својата коса сината панделка и му ја врза околу вратчето.

Развревени и задоволни, сите слегоја кај езерото, на мовчето Тинка го погали галебот, ја испружи раката со негона водата, го залула и со растреперен глас го покани:

- Ајде, летни галепче мое! Летни во твоето јато!

Вивна птицата во сончевиот простор, плавно изви неколку пати над нив и за радост на сите се спушти над Тинкиното рамо. Потоа слободно ги рашири крилата и полета кон јатотто галеби среде езерото. Тие го доќекаа со радосно грачење. А потоа, полма безгрижна игра...

РАЗМИСЛИ И РАСКАЖИ ЗА ДЕВОЈЧЕТО ТИНКА.

* КАКО ТАА МУ ПОМОГНА НА ГАЛЕБОТ?

КОГА ЌЕ ДОЈДЕ ПРОЛЕТТА

според ЛИЛЈАНА КРСТИЌ

На сцената е дел од училница: две училишни клупи, една зад друга, во нив седат две девојчиња и две момчиња, а на таблата пишува ВЛАДЕ и МАЈА.

АНА: Кој го напиша ова на табла? Брзо нека отрча и нека ги избрише овие зборови.

САЊА: Ќе наиде НАСТАВНИЧКАТА!

МИШО: Кога ќе дојде пролетта некој се вљубува во руси кадрички...

SВЕЗДАН: Кога ќе дојде пролетта некој кришум пишува на ливче и црта големо срце...

НАСТАВНИЧКАТА (Влегува, носи дневник, настанува тишина): Кој е дежурен? Дали е сè во ред?

SВЕЗДАН: Да. Сè е во ред. Отворив прозорци, го избркав правот, ги навадив шепотењата и го набрав чекањето. Ја избришав трема та, го разведрив тажното лице на Милан. Ги собрав фрлените зборови и пронајдов една загубена насмевка.

НАСТАВНИЧКАТА: Добро, добро, а има ли отсутни?

SВЕЗДАН: Отсутен е Владе.

НАСТАВНИЧКАТА: Знае ли некој што е со него?

АНА: Да не е болен?

МИЛОШ: Кога ќе дојде пролетта некои момчиња грицкаат буники...

НАСТАВНИЧКАТА (Гледа кон таблата): Кој го напиша ова? (Се приближува до таблата) Слушате ли како плаче таблата?

СИТЕ (Гласно): Нееее!

НАСТАВНИЧКАТА: Плаче затоа што сака да биде чиста на почетокот на часот. А, сунѓерот затоа што бил мрзлив и не ја избришал. Го преспал големиот одмор. (Се приближува до масата, до работ наоѓа ливче превиткано на неколку пати, го зема, го отвора и чита) Па, добро деца, што е ова? Место да правиме контролна работа, ние не можеме да почнеме поради нечие доаѓање, па макар тоа да е и на пролетта.

СИТЕ: Контролна работа!?

SВЕЗДАН: Наставничке, може ли да ве замолиме нешто? Бидејќи почна пролетта, имам предлог да воведеме пролетен распоред на часови.

МИШО: Да воведеме! Сите сме за тоа. Имаме и предлог како треба да изгледа. Го составивме, тука е на хартија кај нас.

НАСТАВНИЧКАТА: Каков пролетен распоред на часовите? За што зборувате? Првпат

слушам за такво нешто. Баш ме интересира како изгледа тоа?
АНА: Понеделник: прв час - раѓање на ветерот, втор час - боење на небото сино, трет час - барање на првата темјанушка.
САЊА: Вторник: прв час - впишување на песната на птиците во нотна тетратка, втор час - барање роса, трет час - сликање со сончеви зраци.
МИШО: Среда: излет во природа, барање мириси, трчање, трчање, сè до мрак.
SВЕЗДАН: Четврток и петок: настава во природа, дружење со пеперугите, насмевнување на сонцето, пресување цветови од бозел...
НАСТАВНИЧКАТА: А, што се учи од собирањето роса?
АНА: Се учи, учиме за свежината.
НАСТАВНИЧКАТА: А, од раѓањето на ветрот?
САЊА: Се учи за нежноста. А за наставата во природа? Ќе престојуваме на свеж воздух, ќе трчаме и ќе имаме само петки. Место дневник ќе имаме голем хербариум.
НАСТАВНИЧКАТА: Баш ме изненадувате. А, училишните план и програма? Бидете сериозни, деца. Навистина, дојде пролетта, само што почна, но...
(Се слуша чукање)
НАСТАВНИЧКАТА: Да!
ВЛАДЕ (Влегува): Добар ден. (Му паѓа ливче)
СИТЕ: АААА!
НАСТАВНИЧКАТА: Тишина! Задоцни Владе!?
ВЛАДЕ: Овај, наставничке... се успав. Сноштн не ми беше добро.
НАСТАВНИЧКАТА: А, да не беше случајно во Јужниот парк на клупа? Да не чекаше случајно некого во осум и пол, а сега е девет!?
СИТЕ: ААА!
НАСТАВНИЧКАТА: Тишина! Владе, да не е ова твое? (Го подигнува ливчето што пред малку го најде покрај масата)
ВЛАДЕ (Го отвора ливчето, гледа, брзо го склопува и ги пика преку јаката во џемперот. Полугласно): Не го добила моето писмо, не го добила. Затоа не беше во Јужниот парк. (Оди на место)
НАСТАВНИЧКАТА (Се приближува до таблата и пишува наслов КОГА ЌЕ ДОЈДЕ ПРОЛЕТТА): Ова е темата на вашата задача. Пишувајте и ве молам што потивко за да се слушне пролетниот шепот на развигорот и шумот на птичјите крилја во далечина. Да се слушне како април ни мавта под облакот.

ЗАМИСЛЕТЕ ДЕКА СТЕ ВО ТЕАТАР.
ОРГАНИЗИРАЈТЕ ДРАМСКА ПРЕТСТАВА!

СЕСТРИ

според ПЕРЛ БАК

Еднаш, а не беше толку одамна, во земјата Кина живееше едно девојче Лен Меј. Беше единица ќерка и имаше тројца браќа. Живееја во убава, зелена долина во близина на реката Јангце. Татко ѝ беше селанец и бидејќи некои од неговите полиња допираа дури до брегот на реката, се занимаваше и со риболов.

„Лен Меј“, рече таткото. „Заборавив да погледнам дали има риби во мрежата. Те молам, тркни до реката место мене“.

Реката на тоа место беше многу широка и Лен Меј одвај можеше на другиот брег да го забележи зелениот појас на земјата. Имаше слушнато дека луѓето од другата страна на овие широки води се поинакви - ги викаа туѓинци. Никогаш немаше видено туѓинец, но имаше слушано за нив од луѓето што ги виделе. Туѓинците од другата страна на водата - велеа - имаат розова кожа и сини, зелени или сиви очи. Косата не им е црна, туку црвена, а понекогаш и жолтеникава како кожата на лавот или кафено-жолта како влакната на кучињата. Нивниот говор е многу чуден и никој не може да го разбере.

Лен Меј погледна кон небото - беше тивко и сино. Потоа погледна кон реката. Нејзините брзи жолти води течеа мирно. Неколку диви патки се спуштиле и пливаа по водата.

Лен Меј стана и почна да разгледува сè наоколу. Во тој момент забележа едно девојче како чекори по брегот и доаѓа кон неа. Тоа беше чудно девојче. Имаше блузичка со кратки ракави и здолниште од сино платно. Носеше кратки чорапи и ниски кожени чевли. Косата ѝ се лелееше околу лицето, а најчудно беше тоа што косата ѝ беше жолта.

Иако претходно никогаш се немаа видено, си се насмеаја една на друга.

„Како се викаш?“ праша жолтокосото девојче.

„Лен Меј“.

„Јас се викам Елис. Моите браќа се викаат Том и Џек“.

„Јас имам тројца браќа. Се викаат Шенг, Цен и Јанг, а мене веќе ми се страшно здодевни“.

„Навистина?“ викна Елис. „И на мене Том и Џек ми се здодевни. Јас би сакала

да имам сестра“.

„И ти?“ викна Лен Меј.

Двете девојчиња се погледнаа и ги опфати иста мисла: „Ајде да бидеме сестри. Да, да!“ викаа, а потоа почнаа да се смеат.

Беше убаво попладне, а тие беа целосно среќни. Беше толку прекрасно да се има сестра и да се разговара со неа.

„Зборуваш некако смешно“, рече Лен Меј. „Зошто?“

„Затоа што сум Американка“, одговори Елис.

Дури сега Лен Меј се изненади.

„Па, тогаш како можам да те разберам?“

„Затоа што зборувам кинески, будалче!“

„А, знаеш ли да зборуваш американски?“ праша Лен Меј.

„Секако дека знам“, рече Елис и брзо изговори нешто што звучеше како сс-сс-ссс и кк-кк-кк.

„Јас не го разбирам тоа“, призна Лен Меј.

„Затоа што не си учела“, ѝ објасни Елис.

„Можеме ли да бидеме вистински сестри и покрај тоа што си ти Американка?“

„Зошто да не. Ние, всушност, изгледаме исто. Зар не? Дај ми ја раката, Лен Меј!“

И си ги подадоа рацете една на друга.

„Сосема исто, само што твојата коса е потемна од мојата, а мојата кожа е посветла од твојата. Но, мене ми е сеедно што ти е црна косата, Лен Меј, само ако тебе не ти пречи што е мојата жолта“.

„Ти благодарам, сестро“, се насмеа Лен Меј.

Шетаа заедно целото убаво попладне. Многумина се вртеа по нив, а некои и им се смееја.

„Види го тоа туѓо ѓаволче и тоа наше кинеско како одат заедно!“ викна човекот што продаваше костени на аголот.

„Тој се чуди затоа што не знае дека сме сестри, нели е така?“ рече Лен Меј.

ОПИШИ ГО ИЗГЛЕДОТ НА ДВЕТЕ ДЕВОЈЧИЊА.
ПРОДОЛЖИ ГО РАСКАЗОТ ЗА ДВЕТЕ СЕСТРИ КАКО ШТО ГО ЗАМИСЛУВАШ.

ЗАПОМНИ!
РАЗМИСЛИ ДОБРО ПРЕД ДА ПРИФАТИШ ОДГОВОРНОСТ.

ГОСПОЃА НЕДА ОДИ НА ПАЗАР. НЕКОЈ ТРЕБА ДА ГО ПРИЧУВА КУЧЕТО ДОДЕКА ДА СЕ ВРАТИ ОД ПАЗАР.

САШО Е УЧЕНИК ВО ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ. ТОЈ ЗА ДА ЗАРАБОТИ ПАРИ, СЕ СОГЛАСИ ДА Ѝ ГО ПРИЧУВА КУЧЕТО НА ГОСПОЃА НЕДА.

КАКО РАЗМИСЛУВАШ ЗА ОВАА ОДГОВОРНОСТ ШТО ЈА ПРЕЗЕЛ САШО?

ДА ВИ ПОМОГНЕМЕ.

ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ ДОБРО ЗА САШО?

* АКО ГО ЧУВА КУЧЕТО, САШО СО МАЛКУ ТРУД МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПАРИ.
* ТОЈ ТРЕБА ДА СЕ ПОТРУДИ ЗА ДА ДОЈДЕ ДО ПАРИ.

(СЕГА ПРОДОЛЖИ...)

* _____
* _____
* _____

ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ ЛОШО ЗА САШО?

* АКО ГО ЧУВА КУЧЕТО, САШО ЌЕ ГУБИ МНОГУ ВРЕМЕ.
* ТОЈ ТРЕБА ДА ГО НЕГУВА И ДА ГО ХРАНИ КУЧЕТО.

(СЕГА ПРОДОЛЖИ...)

* _____
* _____

ТРЕБА ДА НАПРАВАМ НЕШТО.

РАЗМИСЛИ И ЗА ДРУГА ОДГОВОРНОСТ...

ДЕЈАН ФИЛИПОВСКИ Е ДОБАР УЧЕНИК ВО IV^{А} ОДДЕЛЕНИЕ, А МНОГУ ПОДОБАР ФУДБАЛЕР.

ДЕЈАН ПРИФАТИ ДА ГИ ПОДУЧУВА УЧЕНИЦИТЕ ОД IV ОДДЕЛЕНИЕ ВО ИГРАЊЕ ФУДБАЛ.

РАСКАЖИ ШТО МИСЛИШ ЗА ОВАА ОДГОВОРНОСТ НА ДЕЈАН.

ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ ДОБРО ЗА ДЕЈАН?

* ДОБРО Е ШТО СИТЕ ДЕЦА ЌЕ НАУЧАТ ДА ИГРААТ ФУДБАЛ.
* ДЕЦАТА ЌЕ СТАНАТ ДОБАР ТИМ.

(СЕГА ПРОДОЛЖИ...)

* ----------
* ----------
* ----------

ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ ЛОШО ЗА ДЕЈАН?

* ДЕЈАН ЌЕ ГУБИ ВРЕМЕ.
* ЌЕ ДОЦНИ НА УЧИЛИШТЕ.

(СЕГА ПРОДОЛЖИ...)

* ----------
* ----------

НАСТАВНИЧКАТА ТАЊА

За нашата најсакана наставничка Тања Тренкоска

Една наставничка најмногу не сака
таа е нашата бајка.

Таа е волшебна магија што не смее,
таа е најмило сонце што не грее.

Наставнике наша многу Ве сакаме,
простете ако мака Ви создаваме.

Вие сте споменар што не кажува тајни,
Вие сте скривалиште трајно.

Се трудиме да бидеме добри како Вас,
а знаеме и дека тоа го сакате од сите нас.

Вашите родители знаеме дека се гордеат со Вас,
Но, тоа ќе го чуете и од сите нас.

Ве сака цело одделение!

Евгенија Крстевска V2 одд.
ОУ „Гоце Делчев“ Аеродром, Скопје
Одделенски наставник Тања Тренкоска

МОЈАТА МАЈКА

Мамо моја, мамо мила,
нежна си ми како свила,
најсветло сонце од очите ти блика
ти си за мене најубава уметничка слика.

Мамо моја, мамо мила,
најнежна си ти свила,
ти јадења најубави ми правиш
само ти знаеш, најмило да ме галиш.

Мамо моја, мамо мила,
најдлабоко во срцево мое си се скрила,
ти си како бајка,
ти си најубава мајка.

Евгенија Павковска и Ангел Трифуновски V2 одд.
ОУ „Гоце Делчев“ Аеродром, Скопје
Одделенски наставник Тања Тренкоска

ЉУБОВ

Љубовта е силна
што ни извира од г
на сите нас
од стари до млади.

Љубовта е чувство
од очите сјај,
нека ја има насекаде
во целиот наш крај.

Љубовта е голема другарче знај
од училишната клупа до староста на крај.

Ангела Ангеловска V2 одд.
ОУ „Гоце Делчев“ – Аеродром
Одд. наставник Тања Тренкоска

.

МЛАДИ ТАЛЕНТИ!
ПРАЌАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ ТВОРБИ
НА СЛЕДНАТА АДРЕСА
toper@toper-book.com.mk

МОЈАТА СИМПАТИЈА

За една мала тајна
најслатка на свет,
можам да напишам
јас некој ред.

Од сите што ги знам дечиња
само еден има најубави очиња,
Мартин, Јован, Меги
сите ми се мили и драги,
но само еден кажува најубави шеги.

Само едно детенце
најубаво се смее,
кога ќе го сретам јас
сонцето силно ме грее.

За него и кажувам
само на мама,
а таа ми вели
за симпатија си уште мала.

Марија Трајкова V2 одд.
ОУ „Гоце Делчев“ Аеродром, Скопје
Одделенски наставник Тања Тренкоска

ПРИКАЗНА ЗАГАТКА

КОЈА БОЈА НЕДОСТИГА?

Атилија сакаше да го изненади Анул со некој убав подарок. Долго размислуваше и реши да нацрта знаме на нивната населба и да му го подар.

Прво најде убава бела ткаенина. Нејзината замисла беше знамето да биде во две бои: жолта и сина и на средина да има еден лист како симбол на нивната околина. Ја обои горната половина со убава жолта боја, па долната половина со сина. Тогаш се сети дека воопшто нема зелена боја! Таа беше очајна. И пропадна планот што со толкава љубов го смисли! Бараше по дворот некакво решение за проблемот... но, не најде ништо. Веќе уморна, седна на еден трупец и почна да размислува.

- Се сетив! - извика радосно.

Набрзо знамето беше готово. На средината имаше зелен лист - симбол на нивната населба. Еве како изгледаше знамето.

Како Анула успеа во тоа?

Дополнително прашање:

Од кое дрво е нацртаниот лист?

СЕ СЕТИВТЕ ЛИ ВИЕ? АКО НЕ, ОДГОВОРОТ ПОБАРАЈТЕ ГО ВО СЛЕДНИОТ БРОЈ!

ОДГОВОР ОД ПРЕТХОДНИОТ БРОЈ

Одговорот е многу едноставен - панталони. Боко се сети на одговорот дури следното утро кога ги облекуваше своите панталони иако цела ноќ размислуваше. Видарот добро се наспа благодарение на својата досетливост.

ЗАПАМЕТЕТЕ!

ПОНЕКОГАШ Е ПОПАМЕТНО ДОБРО ДА СЕ НАСПИЕТЕ. УТРОТО ЌЕ ВИ ГО ДОНЕСИ ОДГОВОРОТ.

СИТЕ ЗАЕДНО

Патувал еден човек низ планина. Одел по едно тесно патче. На едно место на патчето имало паднато карпа. Патот бил затворен. Од карпата не можело да се мине ни лево, ни десно. Друг пат немало.

Патникот застанал пред карпата. Се обидел да ја поттурне и да си отвори пат. Се мачел, но без успех. Карпата не се помрднувала од место. Очаен, патникот седнал покрај патот. Размислувал:

„Што ќе стане со мене ако заноќевам овде, на ова пусто место. Покривка немам. А може да ме нападне некој ѕвер!“

Додека си мислел така, стасал и друг патник. И тој се обидел да ја помести карпата, но не можел. Наведнал глава и се замислил.

По вториот, стигнале и други патници. Сите со ред, еден по еден, се обидувале да ја исташат карпата од патот. Карпата била тешка, а тие немоќни.

Најпосле еден од патниците рекол:

„Браќа, секој од нас се обиде да ја помести карпата. Но, никој не можеше сам. Да се обидеме сите заедно. Можеби ќе ја поместиме“.

Во рацете на сите патници карпата била лесна како перце. Таа за миг се нашла покрај патот. И патниците весели си го продолжиле патувањето.



НАРОДНА ПОГОВОРКА:

СЛОЖНА ДРУЖИНА И ПЛАНИНА УРИВА.

ВОЛКОТ И МАЧКАТА

Раскажувачот: Земјата е покриена со дебел снег. Волкот трча ваму-таму и не знае каде да се засолни. Целиот трепери од страв.

Мачката: Каде бегаш, кумчо Волчо? Зошто си толку уплашен?

Волкот: Ловци и овчари ме гонат. Не го слушаш ли лаењето на кучињата? Мачко, те молам, скриј ме некаде. Ќе ми ја одерат кожата.

Мачката: Влези дома. Мојот стопан е добродушен човек. Верувам дека ќе те сожали во маката.

Волкот: Како ќе влезам кога пред некој ден му грабнав овен од стадото?

Мачката: Тогаш трчај во плевната на соседот Ристе.

Волкот: Не, не смеам. Лани му го изедов магарето.

Мачката: Скриј се во дворот на Васил.

Волкот: И таму не смеам. На Васила му грабнав јагне...

Мачката: Веднаш појди кај чичко Геле!

Волкот: Вчера му го задавив најубавото теле...

Мачката: Е, куме, кога е така, зошто бараш помош? Што си надробил - тоа сркај си!

ЧИТАЈТЕ ЈА НАРОДНАТА ПРИКАЗНА ПО УЛОГИ.

Националниот парк „Маврово“ е најголем меѓу трите национални паркови во Македонија. За национален парк е прогласен во 1949 година. Во него се опфатени планините: Кораб, Дешат, југозападните разграноци на Шар Планина, поголем дел од Бистра и северните делови на Крчин. Во средишниот дел на националниот парк тече реката Радика. Во овој национален парк има и вештачко езеро - Мавровско Езеро.

Во националниот парк има и: речни долини, клисури, водопади, карстни полиња, ували и пештери.

Пештера Шаркова Дупка

Во шумите на паркот најмногу има горска букова шума.

Во Националниот парк „Маврово“ има повеќе од 52 планински врвови со надморска висина над 2.000 м. Врвот Голем Кораб (2.764 м н.в.) е највисок врв во Р. Македонија, а со тоа и највисока точка на паркот.

НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО

Река Радика

Во Националниот парк „Маврово“ вирeат повеќе од 1.000 видови растенија (шумски дрвја, грмушки, лековити растенија и др).

Флора

Во овој национален парк „Маврово“, исто така, има над 140 видови птици, од кои позначајни се: сивиот сокол, орелот крстач, суриот (златен) орел, шумскиот ут, големиот був, ливадската еја, степската еја, како и 11 видови водоземци, 12 видови влечуги и 38 видови цицачи. Од цицачите најважни се: мечката, рисот, дивокозата и дивата мачка....

Фауна



Историја

Црквата „Св. Никола“ е изградена во 1857 година во тогашното Мавровско Поле. Црквата е потопена во 1957 година со вештачкото езеро Маврово.

Тука е и најубавиот манастир на Балканот „Св. Јован Бигорски“ кој потекнува од 1020 година и опстојува до денес.

Спорт и рекреација

ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ, V2 ОДДЕЛЕНИЕ

ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК: Тања Тренкоска

Давит Мирчевски

Марија Јаневска

Кадри Џемаили

Зинета Алитовска

МЛАДИ ТАЛЕНТИ!

ИСПРАТЕТЕ ГИ ВАШИТЕ НАЈДОБРИ ЦРТЕЖИ ЗА ДА ГО ЗБОГАТИТЕ ВАШЕТО СПИСАНИЕ!

toper@toper-book.com.mk

ХОЏИЌ АДИСА
ОУ „ДАНЕ КРАПЧЕВ“ СКОПЈЕ,
V3 ОДДЕЛЕНИЕ
ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК:
Тања Метикос

ШАРЕНА СТРАНИЦА

ПРОНАЈДИ ГО ТОЧНИОТ ОДГОВОР И ПОВРЗИ ГО СО СЛИКАТА ШТО ОДГОВАРА.

Цел ден била в сончев лет,
гостин мил на шарен цвет,
цел ден брала сè по ред,
и ми збрала грне мед.
(. . . . .)

Долга, црна врвица
како река тече,
житни зрнца собира,
низ поле ги влече.
(. . . . .)

Една баба в бара плива,
плива - чесен збор,
но ја бива и за песна,
пее и во хор.
(. . . .)

Таа sверка дива,
со опашка сива,
често оди в село
за да грабне петле бело.
(. . . . .)

КОКОШКАТА Е ГЛАДНА.
ТЕ ЧЕКА ДА Ѝ ПОМОГНЕШ.

НАПИШИ ГО РЕДОСЛЕДОТ НА ДЕЛОВИТЕ ОД СЛИКАТА.



СОДРЖИНИ ВО ОВОЈ БРОЈ

ПОЕТИ И ПИСАТЕЛИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ 3
ПРИКАЗНИ И БАЈКИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ .....
ХРАБРАТА МАЈКА 4
ПРАЗНУВАМЕ НАЈСРЕЌНАТА МАЈКА 5
ПРИЈАТЕЛСТВО И ПОЖРТВУВАНОСТ 6-7
ГОДИШНИ ВРЕМИЊА - ПРОЛЕТ .....
КОГА ЌЕ ДОЈДЕ ПРОЛЕТТА..... 8-9
ПРИКАЗНИ И БАЈКИ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ 10-11
СЕСТРИ 11
МОЈАТА ОДГОВОРНОСТ 12-13
МАЛИ ПОЕТИ И ПИСАТЕЛИ 14
ПРИКАЗНА-ЗАГАТКА..... 15
МАКЕДОНСКА НАРОДНА ПРИКАЗНА 16-17
СИТЕ ЗАЕДНО 16
ВОЛКОТ И МАЧКАТА 17
ДЕЦАТА ЧУВАРИ НА ПРИРОДАТА .....
НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО ..... 18 - 19
ДЕТСКО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО ..... 18 - 19
ШАРЕНА СТРАНИЦА 22

ЗАБЕЛЕШКА: ЗА ПРИКАЗНИТЕ, БАЈКИТЕ И ЗА БАСНИТЕ ОД ЦЕЛИОТ СВЕТ Е КОРИСТЕНА СОВРЕМЕНА ДЕТСКА ЛИТЕРАТУРА.

ISSN 1857-8225

И ЈАС ЗНАМ

за ПЕТТО одделение, бр 6, 2013

Излегуваат 8 броеви во една учебна година

Цена 40 ден.

Редакција на списанието:

д-р Марија Ристевска
- Педагошки факултет, Битола

Ирена Станојевиќ
- професор по македонска книжевност

Роберта Јордановска
- ОУ „Лазо Ангеловски“, Скопје

м-р Таше Стојановски

Илустрации: Ана Цветковска - Панова

Лектор: Анета Василевска - Љубецкиј

Графичко уредување:
Весна Филиповска Ангеловска

Издавач: ТОПЕР д.о.о.е.л. Скопје

Директор: Томислав Станојевиќ

Адреса на редакцијата И ЈАС ЗНАМ:
ул. Дане Крапчев 21, Скопје
Тел: 02/3228 418; Факс: 02/3296 385

e-mail: toper@toper-book.com.mk

Списанието за деца **И ЈАС ЗНАМ** е одобрено од Министерството за образование и за наука, за употреба во воспитно-образовната работа за ученици од I до V одд., со решение бр. 11-2814/5 од 27.7.2012 година.

Служба за претплата и за дистрибуција:
Раководител: Гордана Станојевиќ

ТОПЕР ул. Дане Крапчев 21,1000 Скопје

Бр. ж-ка: 300000000549444 Комерцијална банка
(Со назнака: за претплата на списание И јас знам)

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ
СПОРЕД НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ